дпги "ВЕКТОР 90" Томе дооел
2400 Струмица; ул. "Ленинова" бр. 12; тел./факс 034 - 331-210;
e-mail: info@vektor90.com.mk

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА СО НАМЕНА А1.3 -СЕМЕЈНИ КУЌИ ВО НИЗА ВО СТРУМИЦА, ОПШТИНА СТРУМИЦА** |
| НАРАЧАТЕЛ | **Општина Струмица** |
| МЕСТО | **Општина Струмица** |
| ПРОЕКТЕН ОПФАТ | **КП 7692, 7694/2, 7694/3, 7725, 7726/1, 7726/2, 7693/9 и делови од КП 7718/2, 7712, 7718/1, 7719, 7694/1,7693/1, 7690/1, 7724, 7726/3, 7727, 7728, 7693/8, 7729, 7693/3, 7693/4, 7730/3, 7693/7, 7691, 7690/2 КО Струмица, општина Струмица** |
| ТЕХ. БР. | **050-2610/2020** |
| МЕСТО И ДАТУМ | **Струмица, Октомври, 2020** |

Tome Timov

Digitally signed by Tome Timov
Date: 2020.10.30 11:00:08 +01'00'

# С О Д Р Ж И Н А

- **Општ дел**
  Документ за регистрирана дејност
  Лиценца за изработување на урбанистички планови
  Решение за одговорен планер
  Овластување за изработување на урбанистички планови

  - **Проектна програма**

  - **Текстуален дел**
  - **Графички дел**

1. **Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат**

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

# <u>ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе дооел - Струмица</u>

Врз основа на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање
(Сл.весник на РМ бр. 32/20) го донесува следното

# <u>РЕШЕНИЕ</u>

За одредување на одговорен планер за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за населба со намена А1.3 -семејни куќи во низа, во Струмица, Општина Струмица.**

**-За одговорен планер се одредува лицето Томе Тимов д.и.а (Овластување бр.0.0080)**

ОКТОМВРИ, 2020
Струмица

Управител,
Томе Тимов д.и.а.

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАСЕЛБА СО НАМЕНА А1.3 -СЕМЕЈНИ КУЌИ ВО НИЗА, ВО СТРУМИЦА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

### ВОВЕД

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за населба со намена А1.3 -семејни куќи во низа, во Струмица, Општина Струмица,** ќе се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од Просторниот план на РМ, како и потребите на Нарачателот.

Изготвувањето на проектната докуменатција се врши во согласност со чл. 59 став(6) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20), и член 51 став 5 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20).

### ПРОЕКТЕН ОПФАТ И НАМЕНА

**Проектен опфат:** Проектниот опфат до сега не бил предмет на урбанистичко планирање. Границите на проектниот опфат се дефинирани на ориентирана Ажурирана геодетска подлога од каде лесно се отчитуваат координатите по X и Y.

Границите на планскиот опфат кон север ја тангира границата на ГУП на град Струмица. Кон запад, исток и југ опфатот се води претежно по гараници на катастарски парцели во државна но и приватна сопственост.

Проектниот опфат е составен од КП 7692, 7694/2, 7694/3, 7725, 7726/1, 7726/2, 7693/9 и делови од КП 7718/2, 7712, 7718/1, 7719, 7694/1,7693/1, 7690/1, 7724, 7726/3, 7727, 7728, 7693/8, 7729, 7693/3, 7693/4, 7730/3, 7693/7, 7691, 7690/2 КО Струмица, општина Струмица

**- Класа на намена:** Градбите во предметниот плански опфат се предвидени со следните намени:

- А1.3 - Семејни куќи во низа
- Б1.4 - Мали објекти за трговија со мешана стока
- Д1.1 - Јавни паркови
- Е1.1 -Комунална инфраструктура - Примарни и секундарни улични мрежи
- Е1.5 - Резервоари
- Е1.8 - Трафостаница

### АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА

Анализата е извршена за потребите на Проектната програма и е од информативен карактер, додека подетална анализа е предмет на работа на проектната документација. Од увидот во постоечката состојба може да се заклучи:

- Предметниот плански опфат досега не е бил предмет на урбанистичко планирање и е вон пофатот на ГУП за град Струмица.
- Предметните парцели се во приватна и државна сопственост
- Во границите на планскиот опфат постојат претежно помали градби со намена помошни објекти – шупи.
- Во границата на проектниот опфат регистрирана е една трафостаница.

- Со ГУП за град Струмица (иако вон опфат) планирана е површина за изградба на Резервоар за вода Чамл’к.
- Низ планскиот опфат минува постоечки земјан пат кој обезбедува кон север врска со градот, додека кон југ се надоврзува на пристапната сообраќајница кон Историскиот локалитет Цареви Кули.
- Постои реален локален интерес од страна на општината за раелизација на таква населба со станбени објекти во низа со површини за градење од околу 90м2 во основа и катност П+1,

**ПОСТОЕЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Проектниот опфат до сега не бил предмет на урбанистичко планирање. Урбанистичкиот Проект ќе се изработува врз основа на претходно прибавени Услови за планирање на просторот.

**ЦЕЛИ**

Цел на Урбанистичкиот проект е да се изврши урбанизација на подрачје вон опфат на град за кое не постојат услови и економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постојат услови, локално значење и интерес за формирање на населба со намена домување. Со дефинирање на профил на секундарна улична мрежа-станбена улица, ќе се овозможи формирање на градежни парцели со површини за градење на семејни објекти - станбени куќи во низ, наменети за жители со пониски примања.

Со УП ќе се дефинираат и архитектонско-урбанистички параметри за изградба во границите на предметните парцели во согласност со одредбите од актуелната законска регулатива.

**ИНФРАСТРУКТУРА**

Да се почитуваат постоечките и по потреба да се предвидат нови приклучоци на градската инфраструктурна мрежа во склад со добиените податоци од надлежните институции.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Основа за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат Условите за градење од ДУП и оваа Проектна програма. Проектот да се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20) Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 225/20) .

Нарачател: